Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-12080/1
31.12.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Сто триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 11 декември 2025 година

Скопје, декември 2025 година

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 29.12.2025 10:34 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=2bffdf44-f907-4029-8b98-2cb8ebfe1dde&materialId=886169fb-480d-4711-a7ad-3bb293842aca** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

З А П И С Н И К<br>од Сто триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,<br>одржана на 11 декември 2025 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 17 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата учествуваше и м-р Марија Митева, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 29.12.2025 10:34 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.<br>**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=2bffdf44-f907-4029-8b98-2cb8ebfe1dde&materialId=886169fb-480d-4711-a7ad-3bb293842aca** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Осмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 9 декември 2025 година, со Записник од Седмата седница на Групата за процена, одржана на 9 декември 2025 година и Предлог – одлука

2. Информација за давање согласност за продажба на акции во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот, со предлог-одлуки

3. Информација за потребата од изменување на Програмата за финансирање на патна инфраструктура за проектот-Коридор 8 и Коридор 10Д за 2025 година, со Предлог-програма

4. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година

5. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година

6. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2025 година

7. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година

8. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 464-Разни трансфери во буџетот на Министерството за транспорт за 2025 година

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар на население

10. Предлог-програма за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2025 година

11. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2025 година

12. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2025 година

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 29.12.2025 10:34 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=2bffdf44-f907-4029-8b98-2cb8ebfe1dde&materialId=886169fb-480d-4711-a7ad-3bb293842aca** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

13. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2025 година

14. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2025 година

15. Кадровски прашања

16. Прашања и предлози

17. Информација за регулирање на исплата на настанат долг по основ на дадена позајмица од страна на Министерството за локална самоуправа на Општина Дојран, со текст на Предлог-спогодба

18. Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за фотонапонска електроцентрала Битола 3, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка

19. Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова - КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка

20. Предлог–програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година

21. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (сметка на Министерството за социјална политика, демографија и млади)

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа Записникот од Осмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 9 декември 2025 година, со Записник од Седмата седница на Групата за процена, одржана на 9 декември 2025 година и Предлог – одлука и притоа заклучи:

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 29.12.2025 10:34 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=2bffdf44-f907-4029-8b98-2cb8ebfe1dde&materialId=886169fb-480d-4711-a7ad-3bb293842aca** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

1. Го усвои Записникот од Осмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 9 декември 2025 година.

2. Го утврди Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија со заклучок текстот на Предлогот на одлука редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Пречистениот текст на Предлогот на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да го разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана и д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Дирекцијата за заштита и спасување и раководител на Групата за процена.

3. Периодот на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на јужната и северната граница, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, е до 31 декември 2026 година.

4. За операционализација на Предлогот на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, Владата заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), како поддршка на полицијата во справувањето со кризната состојба.

5. Се задолжува Главниот штаб за управување со кризи при Центарот за управување со кризи да ги следи состојбите, да координира со активностите и редовно да ја информира Владата.

6. Се задолжуваат институциите во Системот за управување со кризи да продолжат со активностите согласно Акцискиот план за превенција и справување со влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, донесен од Главниот штаб за управување со кризи.

<u>Точка 2</u>

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 29.12.2025 10:34 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=2bffdf44-f907-4029-8b98-2cb8ebfe1dde&materialId=886169fb-480d-4711-a7ad-3bb293842aca** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Владата повторно ја разгледа Информацијата за давање согласност за продажба на акции во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот, со предлог-одлуки и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на Стопанска банка АД Битола во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот.

Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување на Програмата за финансирање на патна инфраструктура за проектот-Коридор 8 и Коридор 10Д за 2025 година, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансирање на патна инфраструктура за проектот-Коридор 8 и Коридор 10Д за 2025 година.

Точка 4

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година.

Точка 5

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година.

Точка 6

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2025 година.

Точка 7

Владата ја разгледа Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година и условно ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 8

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 464-Разни трансфери во буџетот на Министерството за транспорт за 2025 година.

Точка 9

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар на население, поради потребата предлагачот да го доусогласи текстот на Предлогот на закон со Министерството за внатрешни работи.

Предлагачот да ја извести Владата кога повторно материјалот да се стави на дневен ред на седница на Влада.

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 29.12.2025 10:34

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=2bffdf44-f907-4029-8b98-2cb8ebfe1dde&materialId=886169fb-480d-4711-a7ad-3bb293842aca**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Точка 10

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2025 година.

Точка 11

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2025 година.

Точка 12

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2025 година.

Точка 13

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2025 година.

Точка 14

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2025 година.

Точка 15

По однос на оваа точка немаше предлози.

Точка 16

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (сметка на Владата на Република Северна Македонија).

Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за регулирање на исплата на настанат долг по основ на дадена позајмица од страна на Министерството за локална самоуправа на Општина Дојран, со текст на Предлог-спогодба и согласно расправата на седницата на Владата ја усвои Информацијата и го овласти министерот за локална самоуправа, да ја потпише Спогодбата за регулирање на исплата на настанат долг по основ на дадена позајмица од страна на Министерството за локална самоуправа на Општина Дојран.

Точка 18

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 29.12.2025 10:34 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=2bffdf44-f907-4029-8b98-2cb8ebfe1dde&materialId=886169fb-480d-4711-a7ad-3bb293842aca** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Владата го разгледа Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за фотонапонска електроцентрала Битола 3, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за финансии да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за фотонапонска електроцентрала Битола 3, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

## Точка 19

Владата го разгледа Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова - КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за финансии да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова - КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Андриана Матлиоска, државен

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 29.12.2025 10:34

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=2bffdf44-f907-4029-8b98-2cb8ebfe1dde&materialId=886169fb-480d-4711-a7ad-3bb293842aca**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

Точка 20

Владата ја разгледа Предлог – програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година и условно ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 21

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (сметка на Министерството за социјална политика, демографија и млади).

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:40 часот.

**Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Digitally signed by Ljupcho Dimovski
Date: 2025.12.29 11:48:19 +01:00

Подготвил: Христина Мишевска, 12.12.2025
Проверил: Катерина Јаневска, 25.12.2025
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 25.12.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 29.12.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.12.29 11:30:12 +01:00


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 29.12.2025 10:34 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=2bffdf44-f907-4029-8b98-2cb8ebfe1dde&materialId=886169fb-480d-4711-a7ad-3bb293842aca** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*